ИНФОРМАТОР 4

ДЕКЕМВРИ 2025

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА ЗА ЖЕНИТЕ РОМКИ ЖРТВИ НА РБН

НАПРЕДОК НА ПРОЕКТОТ

Од нашиот последен Информатор, постигнат е значителен напредок. На Платформата на проектот веќе има има поставено две програми за обука развиени од партнерски организации: една за Професионалци кои работат во областа на Родово Базирано Насилство(РБН) и друга за ромски медијатори. Покрај тоа, партнерите спроведоа кампањи за подигање на свеста насочени кон зголемување на јавното разбирање за бариерите со кои се соочуваат Жените Ромки.

Партнерските организации, исто така, присуствуваа на завршниот транснационален состанок и конференција на проектот во Братислава, Словачка, што се одржа на 10 декември, што се совпадна со Денот на човековите права.

ТПМ БРАТИСЛАВА, СЛОВАЧКА

Транснационалниот состанок на проектот се одржа на 9 декември, а на него присуствуваа партнери од Ирска, Грција, Шпанија, Северна Македонија и Словачка. За време на состанокот, партнерите ги разгледаа сите аспекти на проектот и разговараа за напредокот во секој работен пакет. Беше пополнета листа за проверка на преостанатите задачи, а беа разгледани и платформата и веб-страницата на проектот. Дневниот ред, исто така, вклучуваше и финални подготовки за конференцијата што ќе се одржи следниот ден..

ФИНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА БРАТИСЛАВА, СЛОВАЧКА

Засегнатите страни, членовите на мрежата на Topcoach и партнерите на проектот беа поканети да присуствуваат на завршната конференција. За време на настанот, сите партнери ги претставија своите организации и ги истакнаа своите придонеси во проектот. Topcoach даде преглед на проектот, истакнувајќи ја завршената работа и идентификуваните клучни предизвици.

Презентацијата се фокусираше на значајните пречки со кои се соочуваат жените Ромки, вклучувајќи го недостатокот на интегрирани услуги за поддршка и поширокиот недостаток на поддршка за жените кои доживуваат родово базирано насилство. Исто така, се истражи историскиот контекст на РБН и тековната борба за негово справување..

“Жените сочинуваат 51% од населението, вршат 66% од целата работа и произведуваат 50% од храната, но добиваат само 11% од глобалниот приход и поседуваат само 20% од земјиштето..”

Презентацијата имаше силен впечаток, а потоа следеа неформални дискусии во кои партнерите споделија сознанија од своите земји, размислувајќи за нивните искуства од спроведувањето фокус групи и обуки во текот на проектот..

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансиран од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив. Број на проект: 2023-1-DE02-KA220-ADU-000155228

Партнерите презентираат на финаланата Конференција во Братислава

RoW-POWER Конзорциум

ДЕН НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Денот на Човековите Права се одбележува секоја година од страна на меѓународната заедница на 10 декември. Тој го одбележува усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права од страна на Генералното собрание на Обединетите нации во 1948 година..

БИДЕТЕ ВО ТЕК

За да бидете во тек со нашиот проект посетете го нашиот веб сајт: : https://row-power-project.eu/
Исто така следете не на нашите: Facebook, Instagram и LinkedIn страни!

КООРДИНАТОР

INSTITUTE for ROMA and MINORITIES INCLUSION

ПАРТНЕРИ

Caminos

topcoach
unlock your potential

HIP
Hub of Innovation Policy

symplexis

spectrum
RESEARCH CENTRE

Бидете со нас!

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансиран од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив. Број на проект: 2023-1-DE02-KA220-ADU-000155228